

***МПЗ „Методија Патче“ е здружение на граѓани со патриотска провиниенција, коешто првенство ги чествува сите дејци знајни и незнајни, комити и војводи од охридско-струшкиот регион, изјави Горан Лазороски, еден од основачите на здружението.***

Со интонирање на македонската химна во исполнение на Петар Нечовски, синоќа во големата сала на Центарот за култура „Григор Прличев“ беше свечено промовирано новото македонско патриотско здружение „Методија Патче“ од Охрид.

Како што информираше Горан Лазороски, еден од основачите на МПЗ „Методија Патче“ , здружението е активно веќе месец и половина, регистрирано според сите законски одредби во Централниот регистар, а досега имале и неколку активности: чествувања и панихиди на македонски војводи.



**„МПЗ „Методија Патче“ е здружение на граѓани со патриотска провиниенција, коешто првенство ги чествува сите дејци знајни и незнајни, комити и војводи од охридско-струшкиот регион, а се разбира и на другите еминентни личности кои се бореле за Македонија. Во нашата програма имаме опфатено и хуманитарни, спортски и друженa во природа, како и едукација и одржувaње на историски**

**трибини“,** вели Лазороски.

На синоќешната свечена промоција на Здружението, свои обраќања имаа дел од основачите на здружението, а во културно уметничкиот дел настапи групата „Света Софија“ која ги исполни песните „Јас Методи Патче од Охрид“ и „Песна за Христо Узунов“.

Во прилог погледнете како изгледаше настанот кој вчеравечер се одржа во Центарот за култура „Григор Прличев“, низ објективот на **ОХРИД 24.**













